**ГРАД СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| **Предлагач:** | Градоначалник на Град Скопје |
| **Изготвувач:** | Сектор за локален економски развој |
| **Претставник:** | Александар Богоевски,<br>Со овластување од Градоначалник на Град Скопје<br>Пом. Раководител на Сектор за локален економски развој |

**П Р Е Д Л О Г - О Д Л У К А**
**за утврдување на надоместок за добивање на лиценца за давање услуги за кабаре, ноќен бар, диско клуб и диско клуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје**

Скопје, Јуни 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (″Службен весник на РМ″бр. 05/02) и член 21 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ број 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.31/20), Советот на Град Скопје на _______ седница, одржана на __.__.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на надоместок за добивање на лиценца за давање услуги за кабаре, ноќен бар, диско клуб и диско клуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за добивање лиценца за давање услуги за кабаре, ноќен бар, диско клуб и диско клуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје.

**Член 2**

За добивање на лиценцата угостителот е должен да плати надоместок за давање услуги за:

кабаре – во денарска противвредност од 5.000 ЕВРА
ноќен бар – во денарска противвредност од 7.000 ЕВРА
дискоклуб и дискоклуб на отворен простор – во денарска противвредност од 10.000 ЕВРА.

Од надоместокот од ставот 1 на овој член, 50% се уплатува на сметката на Градот Скопје, а 50% се уплатува на Буџетот на Република Северна Македонија, во денарска противвредност според средниот курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата.

**Член 3**

Со влегувањето на сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместок за добивање на лиценца за давање услуги за кабаре, ноќен бар, диско клуб и диско клуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.10/11).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Бр. ___________
_____________ 2022 година
С К О П Ј Е

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ
НА ГРАД СКОПЈЕ
Трајко Славески

## О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на оваа одлука е член 36 од Законот за локална самоуправа (″Службен весник на РМ″бр. 05/02) каде е определено дека Советот е надлежен за донесување на акти.

Согласно член 21 од Законот за угостителската дејност („Службен весник на РМ“ број 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.31/20), за добивање на лиценца за кабаре, ноќен клуб, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје, висината на надоместокот за добивање на лиценца  ја определува Советот на Град Скопје.

Имено, Советот на Град Скопје носи Одлука за утврдување на висината на надоместок за добивање на лиценца за давање на услуги за кабаре, ноќен бар, диско клуб и диско клуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје, според која за добивање на лиценцата угостителот е должен да плати надоместок за давање услуги за:

- кабаре – во денарска противвредност од 5.000 ЕВРА
- ноќен бар - во денарска противвредност од 7.000 ЕВРА и
- дискоклуб и дискоклуб на отворен простор - во денарска противвредност од 10.000 ЕВРА.

Финансиски импликации врз Буџетот на Град Скопје заради реализирање на Одлуката за утврдување на надоместок за добивање на лиценца за давање услуги за кабаре, ноќен бар, диско клуб и диско клуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје нема.

Се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одуката за утврдување на надоместок за добивање на лиценца за давање услуги за кабаре, ноќен бар, диско клуб и диско клуб на отворен простор на подрачјето на Град Скопје.